USAID
FROM THE AMERICAN PEOPLE

AgBiz Program

Август 2008 година

# Постигнувањата на Програмата АгБиз во првата година

Програмата АгБиз ја финансира американскиот народ преку Агенцијата за меѓународен развој на Соединетите Американски Држави (УСАИД), а ја реализира АРД, Инц. Тоа е четиригодишна програма која започна со работењето во Македонија во 2007 година.

Од тогаш, УСАИД АгБиз Програмата има обезбедено голем број на услуги на стопанските субјекти во земјоделството во Македонија за унапредување на нивната конкурентност на регионалните и глобалните пазари. Главната задача на АгБиз е зголемување на економскиот развој во Македонија преку зголемено одржливо производство на земјоделски производи со додадена вредност, што ќе се постигне преку унапредување на оспособеноста на произведувачите и преработувачите да конкурираат во регионални и светски рамки.

Целта на Програмата е да им се овозможи стопанските субјекти во земјоделството да ги идентификуваат, разбираат и одржливо да се пробиваат на извозните пазари за производи со додадена вредност; да се зајакнат пазарните врски меѓу производителите, преработувачите и трговците; да се унапреди управувањето, работењето и конкурентноста; да се остваруваат поголеми приходи за земјоделските производители и преработувачи; и да се создаваат можности за нови вработувања.

## Постигнувањата на АгБиз во првата година

- 82 предлози за проекти за проширување на дејноста од пет синџири на додадена вредност (вино во шишиња, трпезно грозје, шумски производи (првенствено диворастечки печурки и бобинки), преработен и свеж зеленчук) се примени и оценети;
- 10 проекти се завршени;
- Пренесени се 37 унапредени технологии или управни пракси;
- 249 агробизнис фирми добиле техничка помош;
- 316 поединци завршиле куси обуки;
- Потпишани се нарачки за извоз во износ од 1,1 милиони УСД;
- Идентификувани се финансии од клиентите во износ од преку 1,6 милиони УСД;
- Во тек е имплементацијата на програма за зголемување на капацитетите на човечки ресурси; и
- Потпишани се 9 грантови за проекти за проширување на бизниси кои работат со извоз, а се очекува потпишување на дополнителни единаесет во многу блиската иднина. Се проценува дека проектите поддржани од овие грантови ќе резултираат во зголемување на извозот од земјоделството за скоро 39 милиони УСД.

## Како ги постигнавме резултатите

АгБиз анализираше неколку различни синџири на додадена вредност во земјоделството во поглед на нивниот потенцијал за конкурентност и пошироко позитивно влијание. АгБиз ја употреби помошта на високо квалификувани технички консултанти во извршувањето на активностите поврзани со унапредувањето на конкурентноста. Ние изготвивме извештаи за потребите на нашите клиенти поврзани со:

- Чување во ладилници на свежо овошје и зеленчук;
- Преглед на работењето во преработката на свежи овошја;




Г. Џејмс Максвел, Директор на Програмата АгБиз дава интервју за локален деловен весник

„Ние им помагаме на стопанските субјекти во земјоделството да ја разберат побарувачката на пазарот, а истовремено бараме начини да ги направиме нивните производи поконкурентни на извозните пазари. Програмата е со времетраење од 4 години, нашиот буџет изнесува 5,5 милиони УСД – финансирани од УСАИД, користиме претежно локални консултанти и главната цел ни е стимулирање на одржлив раст на агробизнисот. Одржлив значи дека еден стопански субјект во земјоделството може да се основа и развие со наша помош, а сопствениците ќе можат да продолжат со истиот без наш ангажман. Агробизнисот треба да биде одржлив во сите погледи: управување, маркетинг, финансии и, се разбира, животната средина.

Тука сум 16 месеци; претходно работев на развој на агробизнисот финансиран од УСАИД во Колумбија и Јемен, средини кои се значително различни од Македонија. Повеќе од 30 години им помагам на стопански субјекти во земјоделството во зголемувањето на нивниот меѓународен пласман и приходи, и сум бил на високи управни позиции во големи меѓународни агробизнис компании. Тука во Македонија сме насочени кон зголемување на конкурентноста и вредноста на извезените земјоделски производи. Мислам дека најдобрата можност за стопанските субјекти во земјоделството во Македонија се специјализирани производи од овошје и зеленчук, меѓутоа брендирањето на овие производи бара посебни знаења. Извозниот маркетинг е клучната област на која треба да работат македонските агробизниси".

- Македонски вина – стратегија за пласман на пазарот во Обединетото Кралство;
- Проценка на развивањето на здруженија во одредени синџири на додадена вредност во земјоделството во Македонија;
- Проценка на потребите по жетвата на стопанствениците со свеж зеленчук и трпезно грозје;
- Скорешните трговски договори на Македонија, можности и закани; и
- Проценка на потребите за зголемување на капацитетите во пет синџири на додадена вредност.

Како резултат на препораките од овие извештаи, АгБиз ги изврши следните активности врз основа на изразените потреби на нашите клиенти:

- Седум саеми и средби бизнис со бизнис, вклучувајќи ги "Anuga" за меѓународната индустрија за храна и "ProWein" за меѓународната индустрија за вино и жестоки пијалаци, двата во Германија; "Fancy Foods" во САД; „Меѓународниот земјоделски саем" и „Меѓународниот фестивал на виното", двата во Нови Сад, Србија; „Светот на сопствена трговска марка – ПЛМА" во Холандија; и бизнис со бизнис на „АКА" саемот во Косово.

- Четири студиски патувања, вклучувајќи ги саемот „Фуд Технологија" во Истанбул, Турција; „Фрут Логистика" меѓународниот саем за маркетинг на овошје и зеленчук во Берлин, Германија; „Студиско патување за трпезно грозје во Јужна Африка" во Кејптаун, Јужна Африка; и „Студиска посета на саем за земјоделство" во Нови Сад, Србија.

- Две работилници поврзани со „Стандарди за FairWild собирање и производство на медицински, ароматични и други диворастечки растенија" во Маврово и „Агробизнис финансиска работилница" на која се промовираа алтернативни извори за финансирање за стопанските субјекти во земјоделството во Македонија и беше претставен новиот „Агробизнис финансиски прирачник".

- Ги идентификувавме потребите за зголемување на капацитетите на човечките ресурси за нашите клиенти и организиравме две обуки за унапредување на капацитетите поврзани со „HACCP системот во винската индустрија" одржани во Кавадарци и тркалезна маса „Регионален SAPARD, најдобри пракси – препораки за идната употреба на IPARD", одржана во Скопје.

## Прославување на пар тнерствата со македонските агробизнис фирми

На 3 јули 2008 година УСАИД АгБиз Програмата одржа Церемонија за потпишување на грантови со која се започнаа проекти за развој на извозот за девет македонски агробизниси кои работат во областите на вино во шишиња, свеж зеленчук, преработен зеленчук и диворастечки шумски производи. Компаниите кои потпишаа договори за грантови за АгБиз да ги поддржи нивните проекти за унапредување на конкурентноста и проширување на деловното работење се: „Баџо", „Ларс", „Випро", „Агрос 2004", „Дентина", „Авто Риа", „Бонум Плус", „Коколански" и „Попова Кула". Проектите насочени кон извозот кои ќе се имплементираат од овие компании ќе бараат вкупна инвестиција од преку 3,2 милиони УСД, а се очекува да резултираат со зголемување на продажбата од извозот за 28 милиони УСД до крајот на 2010 година.

„Со имплементацијата на овие проекти за проширување на бизниси ние ќе постигнеме поголема продажба што ќе резултира со повеќе вработувања! Имплементирањето на нови стандарди во производните процеси кои ќе обезбедат додадена вредност за нашите производи е една од клучните цели на нашите проекти! Преку имплементација на ефективни маркетинг стратегии ние очекуваме подобар извоз!", кажа Г. Виктор Петков, сопственикот на преработувачката компанија „Випро".

**За повеќе информации за активностите на АгБиз ве молиме обратете се на:**

**Џејмс Л. Максвел, Директор на Програмата**
**на АгБиз jmaxwell@agbiz.com.mk**

**Наташа Станковиќ, Обука, животна средина, мониторинг и евалуација и односи со јавност:**
**070/29 34 34 nstankovic@agbiz.com.mk**

**Иво Лола Рибар 57/3 1000 Скопје, Македонија, телефон: +389 2 321 7060**
**Факс: +389 2 321 7060, Лок.111 www.agbiz.com.mk**



Потрошувачите во САД дегустираат македонски ајвар на саемот во Чикаго "Chicago Global Food & Style Expo", 2008 година



Потрошувач во Србија дегустира македонски производи од пиперка на 75-от Земјоделски саем во Нови Сад



Македонскиот штанд на "ProWein" меѓународниот саем за вино во Диселдорф, Германија



Работилница за HACCP системи во Кавадарци за имплементација, верификација и одржување во винската индустрија



Првата церемонија за потпишување на договори за грантови во Скопје